**Известување за концентрација со која Ингредион Германија ГмбХ, Германија и АГРАНА Штарке ГмбХ, Австрија ќе стекнат заедничка контрола над АГФД Тандареи СРЛ, Романија**
**(предмет бр. 08-166/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.12.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Ингредион Германија ГмбХ, со седиште на Грунер Деицх 110, 20097 Хамбург, Германија и АГРАНА Штарке ГмбХ, со седиште на Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија имаат намера да стекнат заедничка контрола над АГФД Тандареи СРЛ, со седиште на 925200 Тандареи, 2 Теилор Аллеј, округ Иаломита, Романија.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности

Ингредион Германија ГмбХ е во целосна и единствена контрола на Ингредион Инц. (*Ingredion Inc.*), САД (заедно со неговите контролирани зависни друштва "Групација Ингредион") и е активно на пазарот на развој и производство на различни специјални скробови кои се користат како функционални состојки во производството на широк спектар на прехранбени производи.

Ниту Ингредион Германија ГмбХ, ниту некој од субјектите во Групацијата Ингредион имаат корпоративно присуство во Северна Македонија.

АГРАНА Штарке ГмбХ е во целосна и единствена контрола на АГРАНА Бетеилигунгс-АГ (*AGRANA Beteiligungs-AG*), Австрија (заедно со неговите контролирани зависни друштва „Групација АГРАНА“) и обезбедува производи од скроб за голем број индустрии.

Групацијата АГРАНА има едно индиректно зависно друштво во Северна Македонија, друштвото АГРАГОЛД ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6176640, со седиште на Качанички Пат бр. 168-Инд.зона/Визбегово, Визбегово, Бутел, со регистрирана дејност 46.36 – Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер, активно преку дистрибуција и трговија на големо со шеќер.

АГРАНА Бетеилигунгс-АГ е заеднички контролирано од Судзуцкер АГ (*Südzucker AG*), компанија со седиште во Германија (заедно со нејзините контролирани зависни друштва, „Групација Судзуцкер “) и Раиффеисен-Холдинг Ниедеростерреицх-Виен (*Raiffeisen-Holding Niederösterreich-Wien*), компанија со седиште во Австрија (заедно со нејзините контролирани зависни друштва, „Групација Раиффеисен“).

Групацијата Судзуцкер нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

Од друга страна, компанија која е контролирана од Групацијата Раиффеисен - Страбаг СЕ (*Strabag SE*) со седиште во Виена, Австрија и која е активна во градежната индустрија („Страбаг СЕ“) - има корпоративно присуство во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

- СТРАБАГ ДОО ПОЛСКА – Подружница СТРАБАГ Скопје, со ЕМБС 7599331, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар, со регистрирана дејност 42.12 – Изградба на железници и подземни железници;
- СТРАБАГ ДОО БЕЛГРАД – Подружница СТРАБАГ Скопје Република Северна Макеоднија, со ЕМБС 7588496, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар со регистрирана дејснот 42.11 – изградба на патишта иа автопати;
- ЦМЛ Цонструцтион Сервицес доо Белград – Нови Белград – Подружница Скопје, со ЕМБС – Подружница СТРАБАГ Скопје Република Северна Македонија, со ЕМБС 7665563, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар со регистрирана дејност 70.22 – Дејности на советување во врска со работењето и оснатато управување;
- СТРАБАГ АГ – Подружница СТРАБАГ Скопје, со ЕМБС 6245803, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар, со регистрирана дејност 42.11 – изградба на патишта и автопати;
- Друштво за услуги СТРАБАГ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7584962, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар со регистрирана дејност 42.11 – изградба на патишта и автопати;

АГФД Тандареи СРЛ е дел од Групацијата АГРАНА. АГФД Тандареи СРЛ произведува природен скроб од обична и пченка со висока амилоза и мали количини на средно индустриски скроб, како и производи без скроб.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари за  оценка на предметната концентрација би можеле да се дефинираат  пазарите на: 1) природен скроб; 2) модифициран скроб; 3) производи без скроб.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.01.2025 година
Скопје